МАКЕДОНИЈА

# Синоќа е убиен 49-годишен жител на Инџиково пред три члена од семејството

Грозоморно убиство ги вознемири жителите на скопско Инџиково.

Бидете информирани следете не на Facebook
Like 273K



Прегледи:
6896

Објавил:
Дејан Трајкоски

14 август 2020, 18:07

Сподели
Сподели
Like

Грабеж или нерасчистени долгови, синоќа ладнокрвно егзегутиран 49 годишниот И.А. од скопско Инџиково. Според наводите на министертството за внатрешни работи, две маскирани и вооружени лица пред полноќ влегле во неговиот дом, барајќи пари но, откако им кажал дека нема , едното лице пукало во него по што двајцата разбојници избегале.

,,М.Н. пријавила дека во двор од куќата во селото Инџиково, скопско, при расправија на две лица со нејзиниот сопруг 49-годишниот И.А. едното од нив со пиштол пукало во него. Лекар од Итна медицинска помош констатирал смрт, а увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

Истрелот го слушнале и соседите кои од безбедносни причини не сакаа да говорат пред камера. Но, вака информираа за ситуацијата која видно ги вознемирила. Еден од соседите ИСПЛАШЕН од истрелот веднаш истрчал надвор, а по повикот на сопругата на убиенот отишол и во нивниот дом во обид да помогне.

,,Беше некаде меѓу 22 часот и триесет минути. и 23 часот, го слушнав истрелот и веднаш истрчав од мојот дом, но бев уплашен за да одам натаму, стравувајќи за мојот живот. Пет минути по истрелот кај нас дотрча неговата сопруга, барајќи помош. Повикавме полиција и брза помош, а воедно отидов и во куќата да помогнам, и доколку можам нешто да направам човекот да се спаси. Но кога стигнав таму, видов дека соседот е веќе починат со прострелна рана во главата, сликата беше необјасниво вознемирувачка.

Соседот не информираше дека сега убиениот,, кој во моментот на упадот на разбојниците бил со уште три члена од семејството, во замена за пари го понудил својот џип, скапиот часовник и мобилниот телефон. НО безуспешно, бил застрелан на очиглед на семејството. Застреланиот 49-годишник од Инциково важел за добар човек, и за добро ситуиран бизнисмен. Тој имал уште една куќа во Инџиково во која живеел, а во куќата каде што бил застрелан, доаѓал повремено.



ЖИВОТ

# Семејна драма во Тексас: Во рок од еден месец од корона починало цело семејство

Мајка, татко и нивните две ќерки од Тексас починале од коронавирус за помалку од еден месец.

ПРЕТПЛАТЕТЕ СЕ НА НАШИОТ NEWSLETTER
Е-маил
Претплати се




Прегледи:
78

Објавил:
Administrator

15 август 2020, 13:23

Сподели
Сподели

Според „Метро“, најстарата ќерка на Ангелика Баутиса починала прва на 49-годишна возраст. Тоа било на 14 јули. Потоа, на 31 јули почина 70-годишната мајка. Само три дена подоцна, на 3 август, почина 37-годишната ќерка Марисол. Таткото на семејството, 75-годишниот Абелардо Баутиса, починал на 11 јули.

"Се чинеше дека таткото се опоравува од короната. Со него ситуацијата беше во ред. Мислевме дека се опоравува, но загубата на тројцата најблиски, го повлече на дното. На крајот, тој исто така почина", рече Џери Баутиса, синот кој исто така имал коронавирус, како и неговата сопруга.

"Во еден момент плачев цело време, а потоа кога татко ми почина, јас пропаднав. Тоа беше ужасен шок", изјави Гери за локалната телевизија.

Гери поминал неколку дена во болница поради короната, но успеал да се опорави. „Секојпат кога кашлав, имав чувство дека некој ми ги притиска белите дробови“, рече тој.

„Сите се заразени, а мртвите се само статистика и бројки. Но, тие се човечки суштества. Не треба да зборуваме само за бројки. Треба да кажеме за мртвите дека биле нечии татковци, мајки или деца ...“, додаде Гери на крајот.

МАКЕДОНИЈА

# МБА : Банкарскиот систем е во одлична кондиција

Од Македонската банкарска асоцијација соопштуваат дека  сите банки се подготвени да одговорат на потребите на населението и компаниите.

ПОСЛЕДНИ ВЕСТИ
Семејна драма во Тексас: Во рок од еден месец од корона починало цело семејство
13:23
МБА : Банкарскиот систем е во одлична кондиција
13:18
Димитриеска Кочоска: Пропаднатата Еуростандард банка, докажува дека биле вадени банкарски депозити пред пропаѓањето
13:10
Град Скопје: Аплицирајте за субвенции за чистење оџаци
13:01




Прегледи:
302

Објавил:
Administrator

15 август 2020, 13:18

Сподели
Сподели

Македонската банкарска асоцијација ја информира јавноста дека во соработка со институциите нејзините членки ги превземаат сите потребни активности за да им излезат во пресрет на потребите на клентите корисници на банкарските услуги од „ Еуростандард банка" АД Скопје.

Вработените лица, пензионерите, корисниците на парични права од социјална и детска заштита и лицата кои остваруваат приливи по други основи имаат можност да изберат една од нашите членки преку која би сакале во иднина да ги добиваат приливите на парични средства.

Воедно потенцираме дека пензионерите и корисниците на парични права треба само да појдат во банка каде што веќе имаат активна сметка или да отворат нова сметка во банка и не е потребно да побараат одјава.

И не само за депозитните, банките и штедилници се отворени за рефинансирање и на кредитните производи на клиентите на „Еуростандард банка" АД Скопје во согласност со нивните деловни политики.

Македонска банкарска асоцијација повторно афирмира до граѓаните и правните субјекти дека банките и штедилници се и остануваат сигурни и стабилни.

МАКЕДОНИЈА

# Димитриеска Кочоска: Пропаднатата Еуростандард банка, докажува дека биле вадени банкарски депозити пред пропаѓањето

Излегувањето во јавноста и информациите изнесени од сопственикот на пропадната Еуростандард банката отвораат три крупни дилеми,рече Гордана Димитриеска Кочоска, претседател на Комисијата за материјално финансиско работење на ВМРО-ДПМНЕ.

ПОСЛЕДНИ ВЕСТИ
Семејна драма во Тексас: Во рок од еден месец од корона починало цело семејство
13:23
МБА : Банкарскиот систем е во одлична кондиција
13:18
Димитриеска Кочоска: Пропаднатата Еуростандард банка, докажува дека биле вадени банкарски депозити пред пропаѓањето
13:10
Град Скопје: Аплицирајте за субвенции за чистење оџаци
13:01




Прегледи:
462

Објавил:
Administrator

15 август 2020, 13:10

Сподели
Сподели

Првата, кои се тие субјекти кои пред време знаеле за пропаѓањето на банката со оглед на тоа што самиот сопственик на банката посведочи дека во последниот период поголеми банкарски депозити биле изнесени од банката.

Јавноста е веќе запознаена дека меѓудругото и министерката за финансии на само месец и половина пред пропаѓањето ги извадила и последните депозити од самата банка. Кои се другите субјекти кои ги повлекле самите депозити?

Втората крупна дилема е дали е направено се за да се спаси банката, со оглед на тоа што сопственикот вели дека за истата биле заинтересирани и странски инвеститори.

Третата крупна дилема која ја отвора сопственикот на банката е нејзиниот имот. Дали недвижниот имот станува атрактивен за одредени кругови на власта?

Значи пропаднатата Еуростандард банка, вториот ТАТ докажува дека биле вадени банкарски депозити пред пропаѓањето, дека била спречена нејзина продажба и дека нејзиниот имот е атрактивен за одредени кругови на власта.

Со овој најнов случај се продолжува праксата на измамени штедачи, пропаднати бизниси и удари врз финансиските текови.

Поразителната статистика говори дека над сто илјади сметки се замрзнати. Во моментот толку правни и физички лица не може нормално да управуваат со своите финансиски средства.

Над 55 илјади пензионери и приматели на социјална помош остануваат без своите приходи.

Следуваат неколку стотина отпуштања, и силен удар за Македонски пошти.

Дваесетина милиони евра остануваат непокриени.

Се уште нема одговор од владата и НБРМ зошто не е вклучен црвениот аларм кога веќе се знаело дека адекватноста на капиталот на банката паднал под законскиот минимум пред уште една година.

Сите овие бројки говорат дека Владата и припреди на државата уште еден сериозен финансиски удар. Станавме единствена држава во регионот каде банка пропаѓа и каде се покачуваат сметки за струја во време на силна економска криза, рече ордана Димитриеска Кочоска, претседател на Комисијата за материјално финансиско работење на ВМРО-ДПМНЕ на прес конференција.

